Согласно со одредбите на членовите 9 и 16 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ, бр. 42 со сите последователни измени), Друштво за промет и услуги АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр.14, Скопје**,** ја донесе следната:

**Политика за приватност на личните податоци на интернет страницата**
**www.dacia.mk**

Оваа Политиката за приватност на личните податоци го уредува начинот на кој АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги обработува податоците на корисниците при посета на интернет страница **www.dacia.mk**

Со пристапот или со користењето на оваа апликација, корисникот потврдува дека ги прочитал, разбрал и дека се согласува со сите услови на Политиката за приватност и со начините на користење на апликацијата.

Оваа Политиката за приватност на личните податоци го уредува начинот на кој АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги собира, користи, одржува и открива податоците собрани од корисниците (понатаму:“корисник") при посета на интернет страницата. (понатаму: ”интернет страница").
Оваа Политика на приватност не се однесува ниту на лични податоци кои ги собираат други интернет страни, до кои пристапувате преку нашата интернет страна.

**1.Собирање на лични податоци од корисник**

***ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ:*** *Лични податоци се податоци кои го идентификуваат крајниот корисник.* Кога ќе се вклучите во некоја активност на интернет страница, како на пример креирање на профил, порачување производ може да побараме да обезбедите некои податоци за Вас.

При посета на интернет страницата, АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги обработува Вашите лични податоци, и тоа:

- основни кориснички информации вклучително име и презиме, адреса (вклучувајќи и поштенски број), e-mail адреса, телефонски број;
- вашите маркетиншки преференции вклучително и интереси / назначувања на маркетиншки листи, евиденција за дозволи или маркетиншки забелешки, податоци за интернет-страници;

Собраните лични податоци при користење на поединечната електронска услуга не се чуваат на интернет страната.

**2.Податоци кои се собираат автоматски**

Со секој поединечен пристап на нашата интернет страница, се врши собирање на податоци како што се: името на пребарувачот на интернет, типот на компјутерот, како и технички информации за конекцијата што ја користи корисникот при посетата на интернет страницата, како што се оперативен систем и давателот на интернет-услугата, IP (интернет протокол) адреси кои се доделуваат од страна на давателот на интернет-услугата и се различни за секој корисник и слични информации.

На интернет страната се собираат и податоци со помош колаче (cookie) кои се запишуваат на Вашиот компјутер. Целите и начинот на користењето на колачето е согласно условите во Политиката за **Користење на колачиња.**

**3.Начин на собирање на личните податоци**
Начинот на собирање на личните податоци се одвива со електронско внесување на личните податоци во рамки на корисничкиот профил на интернет страницата **www.dacia.mk**

**4. Регистрација**
Регистрацијата на страницата е на Ваше барање, односно не е потребна задолжителна регистрација за посета на интернет страницата **www.dacia.mk** Како опција за регистрација на веб страната на RENAULT не може да се пристапи преку Вашиот кориснички профил на социјалните мрежи.

При Ваша регистрација на интернет страната и креирање на Ваш профил, АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги обработува Вашите лични податоци, и тоа:

- вашето име и презиме
- телефонски број
- адреса на e- mail

При користење на услугата Контакт во Информации, АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги обработува Вашите лични податоци, и тоа:

• вашето име и презиме
• адреса на е-пошта

**Напомена!** Доколку податоците се неточни или промените не се направени во периодот од претходниот став АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје има право веднаш да забрани пристап на до корисничкиот профил.

Дополнително, при самата регистрација вие имате можност да одберете дали сакате или не сакате да го добивате Билтенот подготвен од страна на www.dacia.mk Скопје, како и да добива рекламни пораки и информации за промоции преку е-пошта, смс или на кој било друг електронски начин. Доколку не се сложувате да го добивате Билтенот или известувањата по електронски пат, може да се откаже во секое време преку испраќање на е-пошта на biljana.co тема Unsubscribe или со отпишување лично со кликнување на копчето "овде", кое се наоѓа во долниот десен агол на секој онлајн Билтен на онлајн продавницата или следејќи ги упатствата за отпишување од известувања.

**5. За кои цели се користат собраните податоци и информации?**

АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги обработува Вашите лични податоци со цел:

- овозможување на *on-line* користење на нашите услуги и производи; • администрирање на содржината, промоциите, анкетите и други функционалности на страната, а се со цел да го подобриме нејзиниот квалитет и услугите што ги нудиме преку неа;
- навремено информирање на корисниците за своите производи, како и за сите акции и промоции на своите производи (директен маркетинг), Ве молиме видете за повеќе детали во точка 7;
- за реализација на *on-line* нарачките достапни на интернет страницата **www.dacia.mk** (навремена и точна испорака, наплата на цената за продадените артикли)

- за контакт по пат на електронска пошта.

**<u>6. Начин на обработка на Вашите лични податоци и рокови на чување на Вашите податоци</u>**

Вашите лични податоци нема да се обработуваат за ниту една друга цел, освен за целта заради која се собрани. Собраните лични податоци се обработуваат, механички и/или електронски, исклучиво од страна на лица, вработени/ангажирани од Контролорот коишто имаат пристап до истите и кои се авторизирани и овластени да извршуваат анализи, како и со почитување на начелата за обработка на личните податоци од Законот за заштита на личните податоци.

Обработката на Вашите лични податоци АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ја врши согласно прописите за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, преземајќи ги сите пропишани технички и организациони мерки за обезедување на тајност и заштита при обработката на личните податоци со кои располага.

Дополнително, АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје применува сигурносни мерки при прибирање, чување и процесирање на информациите заради заштита од неавторизиран пристап, промена, откривање или уништување на Вашите лични податоци, како и податоци што не се лични, а се складирани на нашата страна. Личните податоци може да бидат доставени само на надлежните органи, согласно со законски предвидената постапка.

Доколку одлучите да ја повлечете Вашата согласност за обработка на Вашите лични податоци, Вашите лични податоци ќе бидат избришани, освен личните податоци за кои АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје има законска обврска да ги чува во законски определен рок согласно Законот за архивски материјал или друг применлив закон.

Личните податоци при Ваша регистрација на интернет страната и креирање на Ваш профил, АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ги обработува се до повлекување на согласноста, односно до моментот кога ќе одлучите да го избришете Вашиот профил или ќе побарате ние тоа да го сториме за Вас.

**7. Политика за начин на вршење на обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Вашите лични податоци може да ги користиме за да Ви праќаме директни маркетинг соопштенија за нашите производи и услуги или за нашите поврзани услуги, вклучително и нашите објавувања на најновите производи и на претстојни настани. Тоа може да биде во форма на е-пошта, постирање, SMS, телефонски или целни интернет-реклами. Ние го ограничуваме директниот маркетинг на разумно и на пропорционално ниво и Ви праќаме соопштенија за кои сметаме дека ќе бидат интересни и релевантни за Вас, врз основа на податоците што ги имаме за Вас.

Вашите лични податоци ги користиме за цели на директен маркетинг исклучиво врз основа на Ваша согласност за обработка на Вашите податоци за цели на директен маркетинг која имате право да ја дадете при пристап и користење на истата.
При регистрација како нов корисник, имате право да ја дадете својата согласност со одбирање на опцијата: “Сакам да добивам новости на мојата е-маил адреса за”, и дополнително имате право да ја дадете својата согласност да добивате новости за машка колекција, женска

колекција или двете. Одбирањето на оваа опција не претставува услов за да се регистрирате како нов корисник.

Вие имате право во секое време да побарате од нас да не испраќаме маркетинг соопштенија и да не ги користиме Вашите лични податоци кога вршиме профилирање за целите на директен маркетинг. Може да одбиете да примате електронски вести и други маркетинг соопштенија, доколку ги следите упатствата за одбивање содржини во електронските пораки, преку следење на линковите за исклучување на определена опција во долниот дел од електронската порака: "За да се одјавите од овој newsletter, Ве молиме кликнете тука."

Или, Вашите права може да ги остварите на едноставен начин со контакт на:
Е-маил адреса: Biljana.Bogeski@renault.mk
Контакт телефон : 075/ 387-850

**8. Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат преку електронска порака**

Лични податоци кои ги прибираме се и оние кои Вие доброволно ги доставувате во случај на испраќање на електронска порака директно на нашата е-маил адреса оставена како контакт на интернет страницата.

Со испраќање на ваква електронска порака до нашите електронски адреси прибираме податок за Вашата:

- е-маил адреса;
- дополнително и други информации кои Вие доброволно сте ги споделиле со нас како содржина на електронската порака.

Ве замолуваме да не споделувате посебни категории на лични податоци, како лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација.

**9.Директен маркетинг**

Вашите лични податоци може да ги користиме за да ви праќаме директни маркетиншки соопштенија за нашите производи и услуги или за нашите поврзани услуги, вклучително и нашите објавувања на најновите производи и на претстојните настани. Тоа може да биде во форма на е-пошта, постирање,Viber, SMS, телефонски или целни интернет-реклами. Ние го ограничуваме директниот маркетинг на разумно и на пропорционално ниво и ви праќаме соопштенија за кои сметаме дека ќе бидат интересни и релевантни за вас, врз основа на податоците што ги имаме за вас.

Вие имате право во секое време да прекинете да примате директен маркетинг. Тоа може да го направите следејќи ги линковите за исклучување на определена опција во електронските комуникации (како што се пораки преку е-пошта) или така што ќе контактирате со нас како наведено во дел 7.

**10.Правата на корисниците во однос на обработката на нивните лични податоци**

Личните податоци коишто ги собира и обработува АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје се дадени единствено за цели на директен маркетинг. Во таа насока, секој корисник како субјект на лични податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци, ги има следниве права:

- да се информира од АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје околу начинот на обработката на личните податоци вклучително дали личните податоци се користат според нивната цел;
- да побара од АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје да ги дополни, измени и/или ажурира ако неговите лични податоци се нецелосни, неточни, или неажурирани со поднесување на барање, приштo АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје треба да постапи по истото во рок од 15 дена и да изврши исправка на личните податоци;
- да побара од АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје да ја ограничи обработката на личните податоци со соодветно означување на личните податоци коишто ќе се чуваат;
- да побара од АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје да ги избрише неговите/нејзините лични податоци, при што АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје има обврска да ги избрише личните податоци во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, под услови предвидени во Законот за заштита на личните податоци;
- да поднесе барање до АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје со кое што ќе ја повлече согласноста дадена за цели на обработка на личните податоци;
- да поднесе приговор до АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје за начинот на обработката на неговите лични податоци дадени за цели на директен маркетинг приштo АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје ќе ја запре натамошната обработка на личните податоци за таа цел; и
- да се одјави/откаже од добивање на известувања/нотификации од АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје на својот кориснички профил или на било која друга социјална мрежа односно да се одјави/откаже од добивање на известувања/нотификации за маркетинг, промоции и/или за акции на својот кориснички профил.

За остварување на овие права, може да не контактирате на следната мејл адреса: Biljana.Bogeski@renault.mk
како и на контакт телефон 075/ 387-850 да го контактирате нашиот офицер за заштита на лични податоци: Билјана Богески контакт 075/ 387-850 или на следната е-маил адреса: Biljana.Bogeski@renault.mk

Доколку имате приговор на начинот на обработка на Вашите податоци во АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје., имате право да се обратите и до:

Агенција за заштита на личните податоци, бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Скопје https://www.dzlp.mk/ контакт меил: info@privacy.mk

**11. Давање податоци на користење на трети лица**

Личните податоци може да бидат доставени само на надлежните органи, како и на трети лица-обработувачи со овластување дадено од страна на Контролорот и под услови и до степен дозволен со Законот за заштита на лични податоци.

**12. Пренос на лични податоци во други држави**

АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје не врши пренос на личните податоци во други држави

**13. Промена на политиката на приватност од Контролорот**

Оваа Политика за приватност може да биде изменета во кое било време со објавување на изменетиот текст на Политиката за приватност на нашата интернет страница, како и датумот на ажурирањето. Измените на Политиката за приватност влегуваат во сила веднаш по нивното објавување. На секој корисник паѓа одговорноста периодично да ја прегледа Политиката за приватност и да ги прочита нејзините евентуални измени. Со продолжување на пристапот и користењето на нашата интернет страница, корисникот се согласува со измените и ги прифаќа одредбите од оваа Политика за приватност.

**14. Прифаќање на условите**

Со користењето на интернет страницата www.dacia.mk се согласувате со условите од Политиката за приватност на АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје. Доколку не се согласувате, Ве молиме не ја користете интернет страницата на www.dacia.mk .

**15. Датум на објава на Политика на приватност**

11.07.2023